Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски бр. 08-274/4
28-07-2023 .2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-274/1 од 30.03.2023 година, поднесена од [redacted] против [redacted] преку претседател на здружението [redacted] од Скопје, за извршена дискриминација по основа на пол, припадност на маргинализирана група, личен или општествен статус, сексуална ориентација и родов идентитет во областа на јавно информирање и медиумите-социјална мрежа „Фејсбук.“ Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација (“Службен весник на Република Северна Македонија,”, бр. 258/20) го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ПОВИКУВАЊЕ, ПОТТИКНУВАЊЕ И ИНСТРУКЦИЈА ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА И ВОЗНЕМИРУЊЕ** врз основа на: пол, припадност на маргинализирана група, личен или општествен статус, сексуална ориентација и родов идентитет во областа на јавното информирање и медиумите, извршена од [redacted], преку претседател на здружението [redacted] од Скопје кон припадниците на ЛГБТИ+ заедницата.

## Образложение

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниоте текст: Комисијата) поднесена е претставка со архивски бр.08-274/1 од 30.03.2023 година од [redacted]-Скопје за извршена дискриминација врз основа на пол, припадност на маргинализирана група, личен или општествен статус, сексуална ориентација и родов идентитет во областа на јавното информирање и медиумите преку социјалната мрежа „Фејсбук“, од страна на [redacted]

на [redacted], преку претседател на здружението [redacted] од Скопје.

Согласно наводите содржани во претставката, на 28.03.2023 година во 03:10 часот, од страна на [redacted] преку компјутерски систем, на социјалната мрежа "Фејсбук", објавена е текстуална содржина-статус со фотографија и вест, со која според подносителот на претставката, се настојува да се осуди ЛГБТИ+ заедницата. Објавата која гласи:
*"Лицата кои страдаат од родова дисфорија (неприфаќање на сопствениот пол) секогаш страдаат и од други пропратни психички нарушувања (коморбидитети), како што се депресијата,анксиозната, самоповредувањето, проблеми со исхраната, а неретко тоа се рефлектира во самоубисвени мисли и самоубиство на дело",*[1] исто така е споделена и на страната на „Коалицијата за заштитата на децата".[2] Ваквата содржина според подносителот поттикнува омраза, раздор, насилство и нетрпеливост и е исполнета со предрасуди. Истата била предмет на коментари, лајкови (реакции) меѓу другите учесници на социјалната мрежа, со што се поттикнува омраза кон ЛГБТИ+ заедницата.

Во поднесената претставка, во однос на аргументите за сторена дискриминација, подносителот се повикува како на домашното законодавство, така и на судската пракса на Европскиот суд за човекови права, а ја наведува и Препораката Р (97) 20 од Советот на Министри на Советот на Европа во однос на говорот на омразата, каде истиот се дефинира како: „Сите облици на изразување кои шират, поттикнуваат, промовираат или оправдуваат расна омраза, ксенофобија, антисемитизам и други облици на омраза која се темели на нетолеранција, вклучувајќи и нетолеранција изразена со агресивен национализам и етноцентризам, дискриминација или непријателство кон малцинства, и мигранти или луѓе со имигрантско потекло."

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24 став (7), а во врска со член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 07.04.2023 година испрати Барање за произнесување по наводи во претставка со архивски бр.08-274/2 до [redacted]

[1]https://www.facebook.com/koalicijazadecata/posts/pfbid02PBQAwWk6b6Vcrst5nXevckK3WvQ7gE3RHsdLvGyKqLa3buJF23sSWiJ8gNg5BnHWI
[2]https://www.zadecata.org/post/devojka_uzvrsi_masakar_nashville?fbclid=IwAR1WPIZaOiUInWsL3XI5NwrGQulgbPazIlHE2uBIOR0pp7vvZBZImDfV6z3E

[redacted] – коалиционен партнер на [redacted] претставувано од претседателката [redacted] од Скопје, по што на ден 04.05.2023 е пристигнато произнесување од страна на [redacted] како претседателка на истото. Според изнесеното, објавата на социјалната мрежа Фејсбук не е произволно мислење, туку се заснова на научно релевантни докази и релевантни студии, меѓу кои и студии правени од застапници и промотори на ЛГБТИ+ заедницата. Понатаму се наведува дека родовата дисфорија не е измислен, ниту навредувачки или дискриминирачки термин, туку е дефиниран и наведено во Меѓународна класификација на болести и сродни здравствени проблеми, објавена на официјалната веб страница на Светската здравствена организација под шифрата F64.

Потенцијалниот дискриминатор наведува како доказ, резултат од научна студија која според нив, потврдува дека лицата кои поради родовата дисфорија:

„Страдаат и од други пропратни психички нарушувања (коморбидитети), како што се депресијата, анксиозноста, самоповредувањето, проблеми со исхраната, а неретко тоа се рефлектира во самоубиствени мисли и самоубиство...“

Во продолжение изнесено е наоѓање од спроведено истражување според кое кај трансродовидет лица “Беа регистрирани депресија, самоповредување, злоупотреба на супстанци, пореметувања во исхраната и анксиозноста, како и висок степен на самоубиствени обиди: овие стапки се најмалку 3 пати поголеми од оние на цисродови врсници”, а се посочува и на новинарски текст, каде е заклучено дека: „Сторителот на криминалното дело е девојка која се идентификувала како маж и која била под докторски надзор поради „ емотивно нарушување“, што уште еднаш го потврдува фактот дека лицата кои имаат нарушен поглед кон својот пол вообичаено страдаат и од дополнителни коморбидитети.“

Потенцијалниот дискриминатор изложува заклучок околу масакрот во Нешвил-САД дека не осудувањето на убиецот претставува сериозен проблем, без разлика на неговиот мотив, од причина што тој не е жртва, како што наведува подносителот, а на крај констатира дека напишаната содржина не може да промовира омраза против маргинализирана група.

**СЛОБОДАТА НА ГОВОР И ИЗРАЗУВАЊЕ** е заштитена во Членот 19 *од* Универзалната Декларација на човекови права.

Имено слободата на изразувањето се гарантира во членот 16 од Уставот на Република Северна Македонија. Членот 16 од Уставот на РСМ гласи: *"Се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата. Се гарантира слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање и слободното основање на институции за јавно информирање. Се гарантира слободниот пристап кон информациите, слободата на примање и пренесување на информации. Цензурата е забранета."*

Согласно член 6 од Закон за спречување и заштита од дискриминација, *дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.*

Во однос на повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација, во членот 9 од Законот за спречување на дискриминација е уредено дека:
*„Повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација е секоја активност со која посредно или непосредно се повикува, охрабрува, дава упатства или поттикнува да се изврши дискриминација врз дискриминаторска основа."*

Во однос на вознемирувањето, Комисијата го посочува членот 10 од истиот закон, согласно кој:
*„Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика."*

Во контекст на говорот на омраза, Европскиот суд за човекови права наведува како одредени форми на изразување, вклучувајќи го и говорот на омраза, можат да ги надминат дозволените граници на слободата на говорот кога поттикнуваат: омраза, дискриминација или насилство врз поединци врз основа на нивната сексуална ориентација. Заради наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го разгледа предметот- *Vejdeland and Others v. Sweden* (Application nos. 1813/07, 19874/07, 21212/07, and 21213/07).[3]

[3] https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22appno%22:[%221813/07%22],%22itemid%22:[%22001-109046%22]}

Покрај тоа, во ист случај, Комисијата исто ја зема во предвид пресудата на Европскиот суд за човекови права, за случајот-*Beizaras and Levickas v. Lithuania* (Application no. 41288/15) со која Судот утврдил прекршување на членот 14 и членот 8 во однос на дискриминација врз база на сексуална ориентација и одбивањето од претпоставените власти да ги гонат авторите на сериозните хомофобични коментари, вклучувајќи нескриени повици на насилство.[4]

Во однос на [redacted] прагот на "слободата на изразување" е во конкретниот случај надминат, поради тоа што по разгледување на текстуалната содржина и произнесувањето по истата Комисијата заклучи дека дискриминаторот немал намера да води искрена дискусија за статусот на трансродоводите лица и припадниците на ЛГБТИ+ заедницата во Република Северна Македонија туку напротив, во случајот се служи со псевдонаучен материјал кој е селективно искористен со цел: да ја омаложи, стереотипизира и дехуманизира ЛГБТИ+ заедницата во Република Северна Македонија. Имено, последните научни истражувања одат во насока на тоа дека "дискриминирање од надворешниот свет, виктимизацијата, одбивањето и непризнавањето на родовиот идентитет во комбинација со трансфобија, негативни очекувања од светот и останатите луѓе и прикривање, може да ги доведе припадниците на овие заедници до ризик од развивање на негативни здравствени симптоми од аспект на менталното здравје како депресија, самоубиствени мисли и себеповредувачко однесување".[5]

Поради наведеното, Комисијата утврди дека е сторено повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација и вознемирување од страна на [redacted] врз основа на пол, припадност на маргинализирана заедница, личен и општествен статус, сексуална ориентација и родов идентитет кон припадниците на ЛГБТИ+ заедницата во државата.

[4] https://hudoc.echr.coe.int/eng?i=001-200344
[5] Comorbidity Issues in Gender Diverse Youth: The Tangled Web (psychiatrictimes.com)

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Согласно член 27 став (2) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата ПРЕПОРАЧУВА :

1. *Претседателката на* [redacted] *да ја избрише текстуалната содржина од профилот на социјалната мрежа Фејсбук, во најкус можен рок, а не подоцна од 30 дена од денот на приемот на ова мислење и за истото писменото да ја извести Комисијата.*

2. *Претседателката на* [redacted] *во иднина да се воздржи од вакви и слични објави на социјалните мрежи.*

[redacted] претставувано од претседателката [redacted] треба да го исполни препорачаното, а доколку не постапи согласно препораките, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на надлежностите од чл.27 став (4) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје
25.07.2023 година

Комисија за спречување
и заштита од Дискриминација

Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]
- Архива на КСЗД